# Периферна артериска болест асоцирана со карцином на бел дроб – приказ на случај

А. Спасова[1], А.Кочоска[1], В. Крстева[1], А. Серафимов[1,2]
[1]Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
[2]ЈЗУ Клиничка болница Штип;

**Вовед:** Карциномот на бел дроб и атеросклерозата имаат заеднички фактори на ризик. Податоците во литературата говорат дека преваленцата на малигнитет на белите дробови кај пациенти со периферна артериска болест (ПАБ) е поголема од генералната популација, особено кај пушачи.

**Цел:** Преку приказ на случај да се прикаже лекување на периферна артериска болест кај пациент со новодијагностициран карцином на белите дробови.

**Приказ на случај:** Пациент на 45 години се жали на силна болка во десно стапало и ливидна пребоеност на палецот со симптоми кои датираат околу 1 месец пред прием во болница. Претходно лекуван со антикоагулатна терапија (амп. Енаксапарин 0.4 2x1 с.к.) без подобрување на симптомите. Пред околу 3 месеци е дијагностициран со карцином на бел дроб (adenocarcinoma pulmonum). Направен ултразвучен доплер на артерии на долни екстремитети, на кој се нотира стеноза на десната заедничка илиачна артерија. Периферна ангиографија го потврдува наодот од ултразвучниот доплер и е поставен стент на стенозираната артерија.

**Резултати:** Добиена е добра циркулација со повлекување на кожните промени, изчезната болка и подобра сензација на стапалото и целата нога.

**Заклучок:** ПАБ и малигнитети на белиот дроб неретко коегситираат заедно. Пациентите со карцином на бели дробови имаат поголем ризик за развој на периферна артериска болест.

***Клучни зборови: Атеросклероза, периферна артериска болест, карцином на бел дроб, ангиографија***